WeBER III
WESTERN BALKAN ENABLERS FOR REFORMING PUBLIC ADMINISTRATIONS

Финансирано од Европска Унија

Austrian Development Agency

# ИНТЕГРИРАЊЕ НА ПРИНЦИПИТЕ НА РЈА ВО СЕКТОРСКИТЕ ПОЛИТИКИ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ТОДОР ЦОНЕВ, ИНИ



Институт за европска политика, Скопје

ОБЛАСТ: Управување со јавни финансии
ИНСТИТУЦИЈА: Министерство за транспорт и врски
СЕКТОР: Јавни набавки

# Содржина

**Резиме на извештајот / 3**

**I. Вовед / 4**

I.1 Што следи ВеБЕР и како? / 4

I.2 Во овој извештај / 4

**II. Анализа / 5**

Барање 1: Ажурираните планови за јавни набавки се јавно достапни / 5

Барање 2: Јавните набвки се отпочнуваат согласно планот / 5

Барање 3: Јасно се видливи измените на плановите за јавни набавки / 6

Барање 4: Измените на плановите за јавни набавки се соодветно оправдани / 6

Барање 5: Договорниот орган спроведува отворени/конкурентни постапки за јавни набавки / 7

Барање 6: Просечен број на понудувачи во отворени/конкурентни постапки / 9

Барање 7: Годишните извештаи кои ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки се јавно достапни / 9

Конечна проценка на барањата / 9

**III. Препораки за подобрување / 10**

Додатоци / 11

Барања за слободен пристап до информации / 11

Интервју / 11

Други извори / 11

Автор: Тодор Цонев, ИНИ, Виница, Северна Македонија

Издавач: Институт за европска политика - Скопје

ОБЛАСТ: Управување со јавни финансии

ИНСТИТУЦИЈА: Министерство за транспорт и врски

СЕКТОР: Јавни набавки

Скопје, август 2024

WeBER III
WESTERN BALKAN ENABLERS FOR REFORMING PUBLIC ADMINISTRATIONS

Финансирано од Европска Унија

Austrian Development Agency

Изготвен во рамките на Проектот „Овозможување на реформа на јавната администрација во Западен Балкан – WeBER 3.0“ и спроведуван од мрежата Мисли за Европа (TEN) и партнерската организација од Виена, Centre for Public Administration Research (KDZ). Граѓанските инцијативи доаѓаат од страна на членовите на Платформата за мониторирање на реформата на јавната администрација од Северна Македонија.

WeBER 3.0 е финансиран од Европската унија и од Австриската развојна агенција. Изразените ставови и мислења се на авторите и не мора да ги изразуваат ставовите на Европската Унија и Австриската развојна агенција. Ниту Европската Унија, Австриската развојна агенција, TEN, ниту KDZ не можат да бидат одговорни за нив.

Повеќе информации на: www.par-monitor.org.



# Резиме на извештајот

Спроведувањето на јавните набавки од страна на Министерството за транспорт и врски (МТВ) на Република Северна Македонија е во согласност со основните начела на транспарентност, конкурентност помеѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација.Министерството за транспорт и врски за 2023 и 2024 година ги објавува годишните планови за јавни набавки со нивните измени. Во 2023 година основниот план има две измени, а во 2024 година основниот план има само една измена.

Постапките се спроведуваат во целосна согласност со Законот за јавни набавки, преку електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН). Во периодот на следење од 01.01.2023 до 30.06.2024 година, Договорните органи (ДО) спроведува отворени/конкурентни постапки за јавни набавки и според видот на постапката во 71,7% преовладуваат набавки од мала вредност, критериумот најниска цена преовладува во 84,7% од постапките, а Е аукцијата се спроведува во повеќе од 90% од постапките. Објавувањето на годишниот извештај на сите јавни набавки не е законска обврска. Законска обврска е водењето на евиденција во посебна евидентна книга во електронски формат на ЕСЈН.

Податоците во врска со спроведените јавните набавки се објавуваат на ЕСЈН и се јавно достапни. ЕСЈН е јасен и прегледен и на лесен начин секој посетител може да ги погледне и преземе податоците за јавните набавки кои го интересираат. Достапноста на податоците на ЕСЈН е на високо ниво.

За зголемување на транспарентноста потребно е ДО да изработуваат детални образложенија за потребата од јавни набавки, како и детални образложенија на измените и дополнувањата на годишниот план за јавни набавки. Исто така, потребно е сите ДО да имаат изработени интерни процедури за јавни набавки, во кои во согласност со бројот на спроведени постапки и бројот на лица кои директно се инволвирани во постапките за јавни набавки на ДО, ќе се делегираат надлежности и одговорности, временски рок за планирање, спроведување и реализација на јавната набавка во сите фази од постапката.Изработката на годишен извештај за сите спроведени/неспроведени/поништени јавни набавки е од големо значење во планирањето на јавните набавки за наредната година за сите договорни органи.

Според наведениот редослед, користени се квалитативни и квантитатативни истражувачки методи и механизми за да се утрди дали избраната секторска институција која е предмет на оваа анализа ги исполнила, делумно ги исполнила или не ги исполнила споменатите барања. Мониторингот се одвива преку прибирање на примарни и секундарни податоци, пребарување и истражување на податоците што се достапни на ЕСЈН и веб-страницата на МТВ и преку испраќање на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за оние податоци кои не беа достапни на поинаков начин. Врз основа на сите добиени информации и податоци, претходно структурирани и внесени во матрица, се анализира начинот на спроведувањето на јавните набавки, од аспект на погоре наведените принципи. По анализирањето на податоците, се изработува извештај што ги содржи главните наоди од мониторингот на спроведените операции за јавни набавки за тековната и минатата година на МТВ.

# Вовед

## *I.1 Што следи ВеБЕР и како ?*

Мониторинг на дел од областа на Управување со јавните финансии на МТВ на Република Северна Македонија.

> *Принцип 28: Законодавството за јавни набавки, вклучително и јавно-приватните партнерства и концесиите, се заснова на принципи на еднаков третман, недискриминација, транспарентност, пропорционалност и конкуренција и е поддржано од здрава рамка на управување.*
>
> *Принцип 29: Договорните органи ги спроведуваат операциите за јавни набавки, вклучително и јавно-приватно партнерство, ефикасно и економично.*

Списокот за проверка се состои од 7 барања кои се однесуваат на ажурираните планови за јавни јавни набавки, односно дали истите се достапни на веб-страницата на МТВ и на ЕСЈН. Дали јавните набавки отпочнуваат согласно планот и доколку не се отпочнати дали истите се оправдани со соодветно образложение за причините/образложението од страна на ДО? Дали јасно се видливи измените на плановите за јавни набавки за тековната и претходната година, што се менува и дали промените се јасно видливи и забележливи во споредба со основниот план за јавни набавки, и дали измените на плановите за јавни набавки се соодветно оправдани? Дополнително, следењето се фокусира на тоа дали ДО спроведува конкурентни постапки за јавни набавки, со анализа на сите започнати постапки за јавни набавки, колку постапки се доделени конкурентно во просек од 2 години кумулативно, според постапката, според критериумите, според видот на договорот и колку понудувачи во просек доставиле понуди за постапките за јавни набавки започнати од МТВ? Следење на просечниот број на понудувачи во отворени/конкурентни постапки во текот на тековната и претходната година и дали годишните извештаи кои ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки се јавно достапни на веб-страницата на МТВ, на ЕСЈН и дали истите се достапни?

За собирање на податоците, пристапот на контролната листа се потпира на преглед на веб-страницата на ДО и ЕСЈН, но исто така и на поднесување барања за слободен пристап до информации од јавен карактер за сите документи кои не се достапни на Интернет. Временската рамка на анализата ги опфаќа тековната и претходната година.

## *I.2 Во овој извештај*

Во овој извештај го анализиравме управувањето со јавни финансии на МТВ со фокус на јавните набавки и дали истите се спроведуваат ефикасно и економично. Регулативата за јавните набавки која во голема мера е усогласена со законодавството за јавни набавки на Европската унија (ЕУ), ќе претставува основа за успешни преговори на Северна Македонија со ЕУ и реализација на главниот приоритет, пристапување во ЕУ.

Актуелниот Закон за јавни набавки[1] им овозможува на договорните органи да ги спроведуваат јавните набавки транспарентно, стратешки и ефикасно. Како во земјите членки така и кај нас, јавните набавки се соочуваат со нови предизвици, бидејќи сè повеќе се очекува тие да овозможат добивање најдобра вредност за јавните пари, зголемување на ефикасноста, намалување на неправилностите, а измамите и корупцијата навремено да се откриваат и спречуваат. Крајната цел на јавните набавки е на ефикасен начин со ефективни средства да се обезбеди квалитет и најдобра вредност за потрошените средства. За да ја спроведеме оваа анализа, добивме информации за предметот на анализа од веб-страницата на МТВ, ЕСЈН и одговор на барањата за пристап до информации од јавен карактер.

1 https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2019/04/Zakon-za-javni-nabavki-br.24-19.pdf

# Анализа

## Барање 1. Ажурираните планови за јавни набавки се јавно достапни

Во Законот за јавни набавки[2] е воведена обврската ДО задолжително да ги објавуваат своите годишни планови на ЕСЈН најдоцна до 31 јануари за тековната година. Оваа законска обврска има за цел дополнително да се зголеми транспарентноста на системот на јавни набавки и да се подобри процесот на планирање кај договорниот орган.

Во 2020 година за првпат започна да се применува оваа обврска со самото донесување на плановите на почетокот на годината и во 2023 и 2024 година МТВ продолжува со законската обврска за објавување на годишните планови на системот. ЕСЈН е така поставен да не може да се објави оглас за јавна набавка доколку набавката не е предвидена и внесена во годишниот план за јавни набавки на ЕСЈН. Таквата поставеност на системот резултира со сеопфатни податоци за годишните планови[3] и нивните измени од 2019 година до 2024 година на договорениот орган[4].

Согласно законот, годишните планови за јавни набавки може да претрпат измени во текот на годината. Оваа законска можност е имплементирана на ЕСЈН,[5] и на тој начин се овозможува ажурирање и измена на планот од страна на ДО, а пошироката јавност може лесно да направи споредба на основниот план со сите негови измени и дополнувања.[6] Исто така, овозможено е и следење на реализацијата на планираните набавки, односно посетителот може во секој момент да види кои од планираните набавки кај договорниот орган се спроведени, со директен пристап до објавениот оглас за јавна набавка.[7]

Измените на годишните планови за јавни набавки на МТВ се јавно достапни и ажурирани (ги вклучуваат најновите измени во текот на годината) на веб страницата на МТВ,[8] , како и на ЕСЈН,[9] со што **„Барањето е целосно исполнето“**.

## Барање 2. Јавните набавки се отпочнуваат согласно планот

За барањето 2, се анализираат последните 5 планирани јавни набавки до 31.05.2024 година, објавени во годишниот план за јавни набавки на веб страницата на МТВ и ЕСЈН, за да се утврди дали тие се започнати според планираното. Но, доколку одредени постапки не биле покренати, а има соодветно транспарентно оправдување ќе се смета дека е започнато според планираната.

Од планираните 5 постапки за јавни набавки[10] до 31 мај 2024 година, не е реализирана ниту една. Со барање за пристап до информации од јавен карактер се обративме до МТВ,[11] но не добивме соодветно и транспарентно оправдување/објаснување за неспроведените јавни набавки планирани до 31 мај 2024 година.

„Содржината на годишниот план за јавни набавки не треба да се менува при промена на проценетата вредност, при промена на видот на планираната постапка за доделување на договор за јавна набавка или при промена на очекуваниот почеток на постапката“, што исто така е видливо и во Правилникот за формата, содржината како и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки.[12] Во таа смисла, оценката е дека **„Барањето не е исполнето“**.

2 https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2019/04/Zakon-za-javni-nabavki-br.24-19.pdf
3 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/annual-plans
4 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-annual-plan/0b09cef9-af8c-4f57-9758-b10000acb66f/2
5 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=0b09cef9-af8c-4f57-9758-b10000acb66f
6 https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2019/04/Zakon-za-javni-nabavki-br.24-19.pdf
7 ibid
8 https://mtc.gov.mk/
9 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/annual-plans)
10 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-annual-plan/0b09cef9-af8c-4f57-9758-b10000acb66f/2
11 На 27.06.2024 е пратено барање за слободен простап до информации од јавен карактер
12 Службен весник на РМ, бр. 64 од 28.3.2019 година, https://www.bjn.gov.mk/podzakonski-akti-zjn/pravilnik-za-godisen-plan-za-javni-nabavki/

## Барање 3. Јасно се видливи измените на плановите за јавни набавки

МТВ во измените на своите планови за јавни набавки за 2023 и 2024 година видливо наведува што се менува, во споредба со основниот план за јавни набавки и претходно усвоените измени и истите се јавно достапни на ЕСЈН.[13 14]

ТНа ЕСЈН се објавува основниот годишниот план за јавни набавки и сите негови измени (верзии) во текот на годината, дава можност да се избере верзијата, да се споредат објавените верзии и да се преземе документот. Кога се споредуваат верзиите над последната избрана верзија на документот во легендата јасно е наведено што се менува (Нова ставка, Променета ставка, Избришана ставка и Непроменета ставка) и процентуалната промена на ставката. Исто така е изразен вкупниот процент на промена на годишниот план за јавни набавки.[15]

Годишниот план за јавни набавки во 2023 година има три верзии, основната верзија има две измени, додадени се три нови ставки со 100% процентуална промена и вкупна процентуална промена од 4,55%.[16] Годишниот план за јавни набавки во 2024 година до 30.06.2024 година има две верзии, основната верзија има една измена, додадена е една нова ставка со 100% процентуална промена и вкупна процентуална промена од 1,64%.[17]

Јасно се видливи измените на плановите за јавни набавки во годишните планови за јавни набавки во 2023 и 2024 година, што ги објавува МТВ и оценката е дека „**Барањето е целосно исполнето**".

## Барање 4. Изменетите планови за јавни набавки се соодветно оправдани

МТВ во 2023 година основниот план за јавни набавки го има изменето два пати со додавање 3 нови ставки[18], а во 2024 година основниот план за јавни набавки е изменет еднаш со додавање една нова ставка.[19] За ниедна од четирите додадени ставки ДО не објавува оправдување/образложение за измените на плановите за јавни набавки. Оправдувањето само со додавање нова ставка е недоволно за да се изведе заклучок поради која причина истата е додадена.

За да се види трендот на објавувањето на изменетите планови за јавни набавки и постоењето односно непостоењето на соодветно образложение за измените, го проширивме истражувањето и на објавените планови за јавни набавки од страна на МТВ на ЕСЈН од 2019 до 2022 година. Во овој временски период се објавени измени на 82 нови ставки, од кои ниту една не е пропратена со соодветно образложение за причината на направената измена.[20 21 22 23] Во истиот период има 8 избришани ставки, кои не се пропратени со образложение, променети се три ставки од кои само една ставка е соодветно пропратена со образложение кое е јасно видливо во делот на забелешки во годишниот план за јавни набавки од 2022 година.[24] Оценката е дека „**Барањето не е исполнето**" поради тоа што ниту една променета ставка не е соодветно образложена.

13 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-annual-plan/228f7646-24db-48ff-a6af-af9600e970e1/3
14 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/dossie-annual-plan/0b09cef9-af8c-4f57-9758-b10000acb66f/2
15 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=228f7646-24db-48ff-a6af-af9600e970e1
16 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=228f7646-24db-48ff-a6af-af9600e970e1
17 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=0b09cef9-af8c-4f57-9758-b10000acb66f
18 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=228f7646-24db-48ff-a6af-af9600e970e1
19 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=0b09cef9-af8c-4f57-9758-b10000acb66f
20 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=807443b3-2162-464f-b12a-aa1e00b119dc
21 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=329f953a-bb66-4281-bca7-ab4f00f86d5d
22 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=90ec83e0-931c-4994-a8dc-acb400a3be39
23 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=5ae88486-b6e1-42aa-8469-ae2a00e9ab7d
24 https://www.e-nabavki.gov.mk//AnnualProcurementPlans/PlanComparer.aspx#/home?id=329f953a-bb66-4281-bca7-ab4f00f86d5d

## Барање 5. Договорниот орган спроведува отворени/конкурентни постапки за јавни набавки

Во периодот од 01.01.2023 година до 30.06.2024 година МТВ има започнато вкупно 92 постапки за јавни набавки.[25] „Договорениот орган, на начин и под услови со овој закон, ги користи следниве постапки за јавни набавки":[26]

а) набавка од мала вредност;
б) поедноставена отворена постапка;
в) отворена постапка;
г) ограничена постапка;
д) конкурентна постапка со преговарање;
ѓ) конкурентен дијалог;
е) партнерство за иновации;
ж) постапка со преговарање без објавување оглас и
з) постапка со преговарање со објавување оглас

*Во табелата бр.1 се дадени спроведените постапки за јавни набавки од 2023 до 30.06. 2024 година, како и вкупниот број спроведени јавни набавки. Набавка од мала вредност е најчестата користена постапка за време на извештајниот период од 1,5 години во 71,7% од вкупно спроведени постапки.*[27]

| Постапка | 2023 | 2024 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Набавка од мала вредност | 47 | 19 | 66 |
| Поедноставена отворена постапка | 13 | 7 | 20 |
| Отворена постапка | 3 | 1 | 4 |
| Постапка со преговарање без објавување на оглас | 2 | 0 | 2 |
| Вкупно | 65 | 27 | 92 |

*Во табелата бр. 2 се дадени критериумите за спроведените јавни набавки од 2023 до 30.06.2024 година, како и вкупниот број спроведени јавни набавки. Во горенаведениот период најниската цена како критериум е користена во 84,7 % од спроведените набавки.*[28]

| Критериуми | 2023 | 2024 | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| Најниска цена | 54 | 24 | 78 | 84.7% |
| Трошоците со користење на пристапот на исплатливост | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Најдобар однос на цена квалитет | 11 | 3 | 14 | 15.3% |
| Вкупно | 65 | 27 | 92 | 100% |

25 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/notices

26 Согласно член 47 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/19) кој е во примена од 1 април 2019 година, https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2019/04/Zakon-za-javni-nabavki-br.24-19.pdf

27 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts/0

28 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts/0

*Во табелата бр. 3 се дадени јавните набавки спроведени од 2023  до 30.06.2024 година како и вкупниот број  спроведени јавни набавки според видот на договорите/предметите за јавни набавки. Според предметите за јавни набавки услугите се најчесто користениот вид на договор во 55,88%.*[29]

| Вид на договор/ предмет за набавки | 2023 | 2024 | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| Стоки | 21 | 12 | 33 | 32.36% |
| Услуги | 44 | 13 | 57 | 55,88% |
| Работи | 11 | 1 | 12 | 11,76% |
| Вкупно | 76 | 26 | 102 | 100% |

*Во табелата бр. 4 се дадени поништените јавни набавки од 2023  до 30.06.2024 година како и вкупниот број на поништени јавни набавки по видот на постапката поради која се поништени постапките. Најмногу поништени постапки по видот на постапката е Набавка од мала вредност во 80% од постапките.*[30]

| Поништени постапки | 2023 | 2024 | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| Набавка од мала вредност | 16 | 8 | 24 | 80% |
| Отворена постапка | 1 | 0 | 1 | 3.33% |
| Поедноставена отворена постапка | 5 | 0 | 5 | 16,66% |
| Вкупно | 22 | 8 | 30 | 100% |

*Во табелата бр. 5 се дадени поништените јавни набавки од 2023 до 30.06.2024 година, како и вкупниот број поништени јавни набавки според причината поради која се поништени. Од понудените 20-тина причини, долунаведените се најчесто користени од договорниот орган. Со 40% доминираат поништувањата поради две причини: 1. Поништување на постапката поради тоа што не е поднесена ниту една или ниту една прифатлива понуда и 2. Понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот.*[31]

| Поништени постапки | 2023 | 2024 | Вкупно | % |
|---|---|---|---|---|
| Не е подесена ниту една или ниту една прифатлива понуда | 9 | 3 | 12 | 40% |
| Понудувачите понудиле цени и услови за извршување на договорот за јавна набавка кои се понеповолни од реалните на пазарот | 7 | 5 | 12 | 40% |
| Оцени дека тендерската документација содржи битни пропусти или недостатоци | 6 | 0 | 6 | 20% |
| Вкупно | 20 | 8 | 30 | 100% |

Просечниот број на понудувачи е 3,1 понудувач во просек за период од 2023  до 30.06.2024 година (просечниот број на понудувачи во 2023 година е 3, а во 2024 година 3,2). Објавени се 92 постапки за јавни набавки од кои 90 постапки за јавни набавки се конкурентно доделени, или во 97,8 % со користење  методи за набавка во кои сите заинтересирани економски оператори можеле да поднесат понуда врз основа на отворен повик, а два договори за јавни набавки се склучени во постапка со преговарање без објавување оглас во 2023 година. Можеме да заклучиме дека „**Барањето е целосно исполнето**".[32]

29 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts/0
30 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/cancelations
31 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/cancelations
32 https://www.e-nabavki.gov.mk/PublicAccess/home.aspx#/contracts/0

## Барање 6. Просечниот број на понудувачи во отворени/конкурентни постапки

„Отворената постапка се спроведува во една фаза и може да се спроведе за секој предмет на набавка, при што секој заинтересиран економски оператор може да поднесе понуда со потребната документација за утврдување способност и сета друга документација согласно со условите од тендерската документација."[33]

МТВ, отворената постапка за јавни набавки во период од 2022 до 30.06.2024 година, ја користи многу ретко. Во 2022 година отворената постапка за јавна набавка е користена во 7 постапки со просечен број на понудувачи 4. Во 2023 година просечниот број на понудувачи во 3 спроведени отворени постапки изнесува 3 и во 2024 година во една спроведена постапка просечниот број на понудувачи е 4. Во просек за 2.5 години просечниот број на понудувачи во отворена/конкурентна постапка е 4,4. Оценката е дека „**Барањето е делумно исполнето**".

## Барање 7. Годишните извештаи кои ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки се јавно достапни

Изработка на годишни извештаи кои ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки не се законска обврска на ДО. Истите спаѓаат во делот на доброволна транспарентност на институциите. МТВ нема објавено достапен/ни годишни извештаи. Ниту едно министерство нема објавено годишни извештаи во последните две години. Оценката е дека „**Барањето не е исполнето**".

*Конечка ūроценка на барањаūа*

| Барање | Конечна процена |
|---|---|
| Барање 1. Ажурираните планови за јавни набавки се јавно достапни | Целосно исполнето |
| Барање 2. Јавните набавки се почнати согласно планот | Не е исполнето |
| Барање 3. Јасно се видливи измените на плановите за јавни набавки | Целосно исполнето |
| Барање 4. Измените на плановите за јавни набавки се соодветно оправдани | Не е исполнето |
| Барање 5. Договорниот орган спроведува отворени/конкурентни постапки | Целосно исполнето |
| Барање 6. Просечен број на понудувачи во отворени конкурентни постапки | Делумно исполнето |
| Барање 7. Годишните извештаи кои ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки се јавно достапни | Не е исполнето |

33 Согласно член 50 став (1) од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/19) кој е во примена од 1 април 2019 година https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2019/04/Zakon-za-javni-nabavki-br.24-19.pdf

# III. Препораки за подобрување

| Барање | Препорака |
|---|---|
| 1. Ажурираните планови за јавни набавки се јавно достапни | Да продолжи транспарентноста со навремено објавување на ажурираните годишни планови. |
| 2. Јавните набавки се почнати согласно планот | Да се воведе обврска за објавување на причините за непочнување на планираната постапка од ДО, имајќи предвид дека ненавременото почнување на постапките придонесува да се зголеми сомнежот за корупција во постапките за јавните набавки. |
| 3. Јасно се видливи измените на плановите за јавни набавки | Да продолжи транспарентното објавување на измените на плановите за јавни набавки. |
| 4. Измените на плановите за јавни набавки се соодветно оправдани | Во делот на забелешки кај изменетите планови за јавни набавки да се внесува соодветното оправдување/образложение за настанатата измена, со цел да се поттикне транспарентноста. |
| 5. Договорниот орган спроведува отворени/конкурентни постапки | Да продолжи трендот на спроведување конкурентни постапки во јавните набавки, имајќи предвид дека на тој начин се зголемува и конкурентноста и транспарентноста. |
| 6. Просечен број на понудувачи во отворени/конкурентни постапки | Да се продолжат роковите за поднесување на понудите и на тој начин постои можност за зголемување на конкурентноста. |
| 7. Годишните извештаи кои ги опфаќаат сите спроведени јавни набавки се јавно достапни | Да се направи измена на Законот за јавни набавки и да се воведе обврска договорните органи годишните извештаи да ги објавуваат на ЕСЈН до 31 јануари за претходната година имајќи предвид дека во моментов, ДО немаат законска обврска да изработат годишен извештај за јавни набавки.<br><br>МТВ да донесе Правилник за изработка на сеопфатен систем за следење и известување по јавните набавки, кој треба да обезбеди:<br>1. Планирање и подготовка (објава на план за јавни набавки и дијалог);<br>2. Следење и договарање (огласи, одлуки за доделување јавни набавки, користени постапки, број на понуди, итн);<br>3. Следење на договори (договор, анекси, резултати);<br>4. Систем за собирање и обработка на податоци за јавни набавки;<br>5. Известување по спроведувањето на јавни набавки;<br>6. Функционалности за обезбедување информации за потребите на надворешни анализи;<br>7. Анализа на податоци до ниво на економски оператор или продукт/услуга или договор;<br>8. Јавен пристап до информациите.<br><br>На овој начин ќе им се овозможи на ДО, но и на граѓанските организации да можат детално да ги анализираат завршените постапки за јавни набавки, да ги утврдат слабостите, придобивките итн, а на ДО ќе им се овозможи стратешки да пристапат на спроведувањето на јавните набавки. |

# Додатоци

*Барања за слободен пристап до информации*

| Институција | Датум на праќање | Датум на одговор |
|---|---|---|
| Министерство за транспорт и врски | 27.06.2024 | 22.07.2024 |

*Интервјуа*

| Институција/Организација | Работно место | Датум | Место |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |
| / | / | / | / |
| / | / | / | / |

*Други извори*

1. Закон за јавни набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19), https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2019/04/Zakon-za-javni-nabavki-br.24-19.pdf
2. Правилник за формата, содржината какои начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки („Службен весник на РМ“, бр.64/19), https://www.bjn.gov.mk/podzakonski-akti-zjn/pravilnik-za-godisen-plan-za-javni-nabavki/
3. Правилник за начинот на водење евиденција на постапките за јавни набавки, како и содржината на евидентната книга („Службен весник на РМ“, бр.64/19), https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2019/05/Pravilnik-za-evidentna-kniga.pdf
4. Правилник за користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на РМ“, бр.64.19 https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2019/05/Pravilnik-za-ESJN.pdf
5. Стратегија за унапредување на системот за јавни набавки во република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2022/03/Strategi-a.pdf
6. Акциски план за 2023 година за спроведување на стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за приодот 2022-2026 година https://www.bjn.gov.mk/wp-content/uploads/2022/03/Akciski-plan-za-2023.pdf

